Република Македонија
Општина Новаци
Бр. 09 - 124/28
15.08.2013 год.
Новаци

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | **Урбанистички план за село Далбеговци** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Новаци** |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | **Општина Новаци** |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | **Летка Јовановска** |
| Назив на работното место | **Раководител на Одделение за комунални дејности, урбанизам, сообраќај, животна средина и ЛЕР во Општина Новаци** |
| Контакт податоци за лицето | **Тел. 047 20 30 60**<br>**Моб. 075 216 554** |

| |
|---|
| Основни податоци за планскиот документ |
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| **Закон за просторно и урбанистичко планирање и Годишна програма за донесување на урбанистички планови на Општина Новаци и Одлука за отпочнување на постапка за донесување на УПС за селата Добромири, Бач, Далбеговци, Горно и Долно Агларци бр. 07-439/4, донесена на 07,06,2013год. од страна на Советот на Општина Новаци и објавена во „Службен гласник на Општина Новаци“ бр. _____/2013** |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| **Се донесува нов плански документ.** |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување. |
| / |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА – наведете ја областа. |
| **Да, просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиште.** |
| Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5) |
| **Да, член 3 точка 13 планирање на просторот и користење на земјиштето** |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен, наведете за каков проект станува збор. |
| **Да, прилог 2 точка 10. Инфраструктурни проекти (а) проектите за изградба на индустриските комплекси** |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| **Не** |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| - **Планирање и уредување на просторот со елементи за негово рационално организирање и користење**<br>- **Зголемување на вредноста на земјиштето**<br>- **Создавање на можност за економски развој на просторот**<br>- **Стимулирање на равојот на основните дејности преку активирање на локалните потнцијали**<br>- **Создавање услови за непречено вршење на човекови активности**<br>- **Подобрување на животните услови преку планско насочено уредување на населбата и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура**<br>- **Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.**<br><br>**Клучна цел е развој на руралната населба базиран на соодветна планска документација.** |

| |
|---|
| Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| **просторно и урбанистичко планирање и користење на земјиште** |
| Периодот на донесување на планскиот документ |
| **2013 – 2023година** |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| **Да, 10 години.** |
| Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| **Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:**<br>**Север КП 107, 128, 133, 134, 146, 147, 155, 157, 159, 199, 198, 194, 188, 477, 478, 533, 534,553**<br>**Исток КП 553, 552, 548, 467, 466, 465, 464, 463, 462, 1157**<br>**Југ КП 441, 421, 422, ја пресекува 441, ја пресекува 1157, 461, 463, 459, 458, 457, 459, 244, 246, 245, 249, 452, 449, 443, 260, ја пресекува 1157, 261, 220, 265, 266, 220**<br>**Запад КП 220, ја пресекува 1155, ја пресекува 219, 109, 106, 107**<br>**Со вкупна површина од 38ха.**<br>**Прилог бр.1** |

| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. | о | |
| Дали е приложена копија од целите? | | о |

| |
|---|
| Резиме на влијанијата врз животната средина<br><br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ |

| | |
|---|---|
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата | **Веројатноста за негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ постои, но истата при спроведување на проектите ќе се контролира со мерки и активности согласно законската регулатива. Времетраењето и повратноста на негативните влијанија не можат да се предвидат и претпоставаат во оваа фаза на планирање затоа е потребно паралелно со изработката на планскиот документ соодветно да се дефинираат и мерките за заштита од нив.** |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | **Со имплементација на овој плански документ можни се влијанија при изведба на поединечните проекти во планскиот опфат во фазата на изградба и истите ќе бидат** |

<table>
<tr><td></td><td>**контролирани преку мерките и активностите предвидени со дозволите/елаборатите за заштита на животната средина.<br>Влијанијата ќе се ублажуваат и со континуирана примена на мерките предвидени во планската документација.<br>Во поширока смисла врз животната средина на територијата на општина Новаци значително влијание има РЕК Битола и рудникот Брод – Гнеотино.**</td></tr>
<tr><td>Прекугранична природа на влијанијата</td><td>**Имплементацијата на овој плански документ нема прекугранични влијанија врз животната средина.**</td></tr>
<tr><td>Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)</td><td>**Во смисла на заштитата на животната средина и животот и здравјето на луѓето потребно е да се предвидат плански решенија како обезбедување мерки и активности за заштита на животната средина и одржлив развој.<br>Потребно е да се начинот на третирање на отпадните води со изградба на пречистителна станица и организирано управување со отпадот.<br>Интензитетот и обемот на овие влијанија ќе биде анализиран со изработка на соодветните студии за оцена влијанието врз животната средина и елаборатите.**</td></tr>
<tr><td>Опсег и просторен обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)</td><td>**Реализацијата на овој УПС е планирана на територијата на село Далбеговци со плански опфат во површина од 38ха. Согласно пописот од 2002год во село Далбеговци евидентирани се 187жители.**</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">**Реализацијата на УПС за село Далбеговци генерално ќе предизвика позитивни влијанија врз животната средина, преку**<br>- **Рационално користење на земјиштето**<br>- **Подигање на нивото на урбана опременост**<br>- **Оформување на препознатлива амбиентална и урбанистичко архитектонска целина**<br>- **Подобрување на животните услови преку планско насочено уредување на населбата и целосно опремување со елементи на комунална инфраструктура**<br>- **Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици.**<br>- **Креирање можности за економски и социјален развој**</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>**Од аспект на заштита на културно историското наследствво во**</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>согласност со мислењето од страна на Управата за заштита на културно наследство во планскиот опфат не постои регистрирано ниту евидентирано културно наследство. Во пласкиот документ е потребно да се наведат евентуалните природните богатства и поголемите подрачја со посебна намена и природни вредности важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности</td><td>Интензитетот и обемот на влијанијата врз медиумите и областите на животната средина ќе биде анализиран со изработка на соодветните студии за оцена влијанието врз животната средина и елаборатите.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика интензивна употреба на земјиштето кое во голем де и до сега, како дел од селото, било во употреба како градежно земјиште. Процентот на изграденост се предвидува до 70%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја</td><td>Локацискиот опфат наменет за реализација на планскиот документ се наоѓа во предел кој е рамничарски и е без значајни особености на предел со природни и пејсажни карактеристики.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ предвидува изградба на градби за кои во постапката за издавање на одобрение за градба ќе се изработат соодветни студии, дозволи или елаборати за животна средина во согласност со изготвениот Извештај за стратешка оцена на влијанието на проектот врз животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот, односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални објекти)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Планскиот документ предвидува изградба на резиденцијални објекти А1 домување во станбени објекти – селско стопански дворови, објекти со намена Г2 – лесна индустрија, Б1- мали комерцијални и деловни намени, В1 – образование наука – основно училиште и други. Предвидените објекти за изградба со намена Г2 – лесна индустрија можат да имаат влијание врз животната средина кое ќе се контролира со примена на соодветните мерки и активности од документацијата од областа на животната средина.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина, особено во поглед на промовирањето на</td></tr>
</table>

| |
|---|
| одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалувањето на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина, отколку некој образовен план на наставните планови) |
| **Во поглед на промовирањето на одржливиот развој, имплементацијата на планскиот документ ќе се базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина како со примена на урбанистички плански мерки како превентива така и со посебни мерки од областа на животната средина што вкупно треба да резултира со спречување на стихијното девастирање на животната средина.** |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.) |
| **Со планскиот документ се предвидува главно изградба на резиденцијални објекти од типот А1 селско стопански дворови и објекти со намена Г2 – лесна индустрија кои при експлоатација би можеле да предизвикаат влијанија врз сите медиуми на животната средина во смисла на зголемување на количествата на создаден отпад и отпадни води и загадување на воздухот.**<br>**Во поглед на промовирањето на одржливиот развој, имплементацијата на планскиот документ ќе има позитивни влијанија во смисла на подобрување на условите на живот со примена на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето.** |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документи во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документи и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена. |
| **Изготвен е врз основа на условите за планирање на Просторниот план на РМ. Ваков тип активности се во согласност со:**<br>**- Национална стратегија за одржлив развој 2009.-2030.** |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. |
| **Не биле предмет на оцена во други плански документи на Општина Новаци.** |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина). |
| **Во постапките за спроведување на овој плански документ ќе се постапува согласно законските одредби за издавање на одобренија за градба за сите различни типови на објекти при што составен дел на потребната доставена документација се и студија за оцена на влијанието на проектот врзживотната средина, Б-ИСКЗ дозволите, односно елаборатите за животна средина, кои ќе** |

| | | |
|---|---|---|
| **бидат усогласени со SEA.** | | |
| ИЗЈАВА | Потврдуваме дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. | |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | | **Градоначалник,<br>Лазар Котевски** |
| Датум<br>__________ 2013.<br>Н о в а ц и | | **м.п.** |

**ПРИЛОГ бр. 1 (МАПА)**